www.xtrapapers.com

M12/1/A1MAC/SP1/MAC/TZ0/XX

22120183

International Baccalaureate®
Baccalauréat International
Bachillerato Internacional

**MACEDONIAN A1 – STANDARD LEVEL – PAPER 1**
**MACÉDONIEN A1 – NIVEAU MOYEN – ÉPREUVE 1**
**MACEDONIO A1 – NIVEL MEDIO – PRUEBA 1**

Thursday 10 May 2012 (morning)
Jeudi 10 mai 2012 (matin)
Jueves 10 de mayo de 2012 (mañana)

1 hour 30 minutes / 1 heure 30 minutes / 1 hora 30 minutos

---

INSTRUCTIONS TO CANDIDATES

- Do not open this examination paper until instructed to do so.
- Write a commentary on one passage only. It is not compulsory for you to respond directly to the guiding questions provided. However, you may use them if you wish.
- The maximum mark for this examination paper is *[25 marks]*.

INSTRUCTIONS DESTINÉES AUX CANDIDATS

- N'ouvrez pas cette épreuve avant d'y être autorisé(e).
- Rédigez un commentaire sur un seul des passages. Le commentaire ne doit pas nécessairement répondre aux questions d'orientation fournies. Vous pouvez toutefois les utiliser si vous le désirez.
- Le nombre maximum de points pour cette épreuve d'examen est *[25 points]*.

INSTRUCCIONES PARA LOS ALUMNOS

- No abra esta prueba hasta que se lo autoricen.
- Escriba un comentario sobre un solo fragmento. No es obligatorio responder directamente a las preguntas que se ofrecen a modo de guía. Sin embargo, puede usarlas si lo desea.
- La puntuación máxima para esta prueba de examen es *[25 puntos]*.


© International Baccalaureate Organization 2012

www.xtrapapers.com



*Коментирајте **еден** од следниве:*

**1.**

**Кога во Скопје ги беа измислиле чадорите**

Бидејки беше ден за кадросување и бацување икони се, ама токму се можеше да се вклопи во редот на мислите на жената и децата, се па дури и тоа дека конечно после толку оддолговлечувања убедувања и расправии сите заедно за спомен ќе се кадросаат а сликите ќе ги обесат на ѕид како што тоа го прават богатите трговци со басма и тие со свила и со кафе – но никако не можеше да се вклопи еден обичен чадор кој никој освен Трендо не го беше забележал како во истиот излог со слики стои исправен и горд во еден од аглите и, се разбира беше за продавање.

Секако таа не верувајќи му на тоа што го слушна пак го праша а тој пак одговори а таа пак го праша а тој пак одговори. Се упатуваше на тоа дека тој воопшто немаше намера да се кадроса и дека помислата да купи чадор му е од многу порано и дека за тоа не кажал само за да не се случи било каков план во главата на неговата жена кој би го оневозможило купувањето.

Затоа, за прв бележит знак на појавувањето на таа болест кај него се смета мигот кога тој почна пред излогот со фотографии да вика дека сака чадор па чадор како мало дете, иако имаше бајаги години. Дури и неговите мали деца го гледаа збунети од сосема новиот тек на настаните. Како и да е на жената и стана повеќе од јасно а особено одкако тој тоа најјасно и го кажа, дека Трендафил сака да стане ако не чорбаџија тогаш во најмала рака господин а ако нема чадор тогаш како и кој воопшто ќе препознае во него таква особина?

„Добро бе а со кој пари ќе купиш чадор, чадори да ти никнат на главата“ се обиде таа да спаси нешто ако воопшто може да се спаси па продолжи дека што мисли тој оти ако купи, веднаш ќе го примат во пареа со богатите, него Трендафил гробарот, него Трендафил градинарот, него молерот и ѕидарот, него ѓубреџијата и носачот на грб, него вошкарот и продавачот на суво сено?

„Не! чадор ќе купам“ вели тој и очите се повеќе му светкаат додека на другите се повеќе им потемнуваат.

„А што со твоите лафои од вчера со кој велеше дека утре, утре ќе одиме да се кадросаме, додека ние весели те дворевме и ти ги стискавме плеќите од радост?“ – пак таа иако се повеќе гласот и тонеше во пискотот на децата кои се растревожија чувствувајќи караница.

И тогаш таа уште рече – како последно нешто – дека на децата треба пинци да им се купат и дека газјата и солта се при крај а.

Ништо повеќе не вредеше оти тој викна на сиот глас – а дури и покрај големата турканица и влези – излези луѓе сепак се најдоа неколкумина да се свртат и да видат кој вика – „Ќе купам чадор кога велам… чадор ќе купам!“

Ермис Лафазановски (2010)

www.xtrapapers.com



- Дискутирајте го претставувањето на главните ликови во извадокот.
- Опишете го начинот на кој авторот ја претставува средината во извадокот.
- Дискутирајте за можното метафоричко значење на насловот на извадокот.

www.xtrapapers.com



**2.**

**Социјалистички реализам**

Шестмина физички работници,
добро избрани стропјаци,
цел ден копаа канал за снимање
сцена од филмот посветен на новиот човек
– ударник од социјалистичката стварност.
Ја копаа делницата
која само за еден ден божем сам ја сработил главниот лик,
омилениот херој на поучните репортажи
Доагајќи на готово,
разгалениот артист,
чист како новокупена кукла,
исфрла две-три лопати земја,
длабоко издивнува,
ја избришува напрсканата вода
што требаше да значи солена пот по лицето
и со среќна насмевка изрипува од копот.
Сцената е готова.
Аплаузи за добрата игра.
Меѓутоа, иако знаеја дека се работи за уметност,
овие шестмина стропјаци сведени на еден слабак,
со неверица ја пулеа оваа лакрдија
што ги понижува до сржта на коските.
Заминаа со кисели насмевки
како да насетуваа дека ако го излажеш човекот
не ќе го излажеш човештвото.

Петар Т Бошкоски, *Вториот источен грев* (1999)

– Што мислите за насловот и неговото значење за песната како целина.

– Опишете ја употребата, и ефектот, на раскажувањето во песната.

– Опишете ја структурата на песната.